Број 18 Година XIII

# СЛУЖБЕН ГЛАСНИК
# НА
# ОПШТИНА КАРПОШ

СКОПЈЕ, октомври 2019

ул.Радика бр.9 бараки бр.1 и бр.2 тел. 02/3055 -903, факс: 02/3062-925
www.karpos.gov.mk; sovet@karpos.gov.mk

Врз основа на член 50, став 1, точка 3 од Законот за локалната самоуправа („Службен весник на Република Македонија“ бр.5/2002), а во врска со член 75, став 1 од Статутот на Општина Карпош („Службен гласник на Општина Карпош“ бр.1/2006, 8/2013, 15/2014 и 9/2019), Градоначалникот на Општина Карпош, донесе

**ЗАКЛУЧОК**
**за објавување Програма за изменување и дополнување на Програмата за активностите на Општина Карпош во областа на спортот за 2019 година**

1. Се објавува Програмата за изменување и дополнување на Програмата за активностите на Општина Карпош во областа на спортот за 2019 година, донесена на дваесет и осмата седница на Советот на Општина Карпош, одржана на 17 октомври 2019 година.

2. Овој Заклучок влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во „Службен гласник на Општина Карпош“.

**Број: 11-7449/1**
**Датум: 18.10.2019 година**
**Скопје**

**ГРАДОНАЧАЛНИК**
**НА ОПШТИНА КАРПОШ,**
**Стефан Богоев**

Врз основа на член 22, став 1, точка 6; член 36, став 1, точка 1 и член 62 од Законот за локалната самоуправа („Службен весник на Република Македонија“ бр.5/2002) и Програмата за активностите на Општина Карпош во областа на спортот за 2019 година („Службен гласник на Општина Карпош“бр.13/2018), Советот на Општина Карпош, на дваесет и осмата седница, одржана на 17 октомври 2019 година, донесе

**ПРОГРАМА**
**за изменување и дополнување на Програмата за активностите на Општина Карпош во областа на спортот за 2019 година**

I. Во Програмата за активностите на Општина Карпош во областа на спортот за 2019 година („Службен гласник на Општина Карпош“ бр.13/2018), во Глава II. Проектни активности се врши изменување и дополнување во точка 7 и во точка 4, на начин што:

Во точка 7. Турнир во мал фудбал Карпош во делот предвидена финансиска рамка износот од 700.000,00 денари се брише и на негово место се запишува износот 200.000,00 денари.

По изменување и дополнувањето во точка 7 предвидената финансиска рамка изнесува 200.000,00 денари.

II. Во Глава II Проектни активности, точка 4.Финансиска поддршка на спортски клубови од подрачјето на Општина Карпош во делот предвидена финансиска рамка износот од 4.000.000,00 денари се брише и на негово место се запишува износот од „4.500.000,00 денари”.

По изменувањето и дополнувањето во точката 4. предвидената финансиска рамка изнесува 450.000.00 денари.

III. Вкупната предвидена финансиска рамка на Програмата во износ од 15.100.000,00 денари останува ист.

IV. Оваа Програма влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави со „Службен гласник на Општина Карпош“.

**Број: 09-7197/4**
**Датум: 17.10.2019 година**
**Скопје**

ПРЕТСЕДАТЕЛ
НА СОВЕТОТ НА ОПШТИНА КАРПОШ,
**Андреј Манолев, с.р.**

Врз основа на член 50, став 1, точка 3 од Законот за локалната самоуправа („Службен весник на Република Македонија“ бр.5/2002), а во врска со член 75, став 1 од Статутот на Општина Карпош („Службен гласник на Општина Карпош“ бр.1/2006, 8/2013, 15/2014 и 9/2019), Градоначалникот на Општина Карпош, донесе

**ЗАКЛУЧОК**
**за објавување Програма за изменување и дополнување на Програмата за активностите на Општина Карпош во областа на детска, социјална и здравствена заштита за 2019 година**

1. Се објавува Програмата за изменување и дополнување на Програмата за активностите на Општина Карпош во областа на детска, социјална и здравствена заштита за 2019 година, донесена на дваесет и осмата седница на Советот на Општина Карпош, одржана на 17 октомври 2019 година.

2. Овој Заклучок влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во „Службен гласник на Општина Карпош“.

**Број: 11-7449/2**
**Датум: 18.10.2019 година**
**Скопје**

**ГРАДОНАЧАЛНИК**
**НА ОПШТИНА КАРПОШ,**
**Стефан Богоев, с.р.**

Врз основа на член 22, став 1, точка 7 и точка 9; член 36, став 1, точка 1 и член 62 од Законот за локалната самоуправа („Службен весник на Република Македонија“ бр.5/2002) и Програмата за активностите на Општина Карпош во обласста на детска, социјална и здравствена заштита за 2019 година („Службен гласник на Општина Карпош“бр.13/2018), Советот на Општина Карпош, на дваесет и осмата седница, одржана на 17 октомври 2019 година, донесе

**ПРОГРАМА**
**за изменување и дополнување на Програмата за активностите на Општина Карпош во обласста на детската, социјална и здравствена заштита за 2019 година**

I. Во Програмата за активностите на Општина Карпош во обласста на детската, социјална и здравствена заштита за 2019 година („Службен гласник на Општина Карпош“ бр.13/2018), во Глава II. Проектни активности се врши изменување и дополнување во точка 12 и во точка 2, на начин што:

Во точка 12. Парична помош за лица/семејства во социјален ризик во делот предвидена финансиска рамка износот од 3.000.000,00 денари се брише и на негово место се запишува износот 2.800.000, 00 денари.

По изменување и дополнувањето во точка 12 предвидената финансиска рамка изнесува 2.800.000,00 денари.

II. Во Глава II Проектни активности, точка 2 Одбележување на 3-ти Декември-Денот на лицата со попреченост во делот предвидена финансиска рамка износот од 500.000,00 денари се брише и на негово место се запишува износот од „700.000,00 денари”.

По изменувањето и дополнувањето во точката 2. предвидената финансиска рамка изнесува 700.000.00 денари.

III. Вкупната предвидена финансиска рамка на Програмата во износ од 5.865.500,00 денари останува ист.

IV. Оваа Програма влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави со „Службен гласник на Општина Карпош“.

**Број: 09-7197/5**
**Датум: 17.10.2019 година**
**Скопје**

**ПРЕТСЕДАТЕЛ**
**НА СОВЕТОТ НА ОПШТИНА КАРПОШ,**
**Андреј Манолев, с.р.**

Врз основа на член 50, став 1, точка 3 од Законот за локалната самоуправа („Службен весник на Република Македонија“ бр.5/2002), а во врска со член 75, став 1 од Статутот на Општина Карпош („Службен гласник на Општина Карпош“ бр.1/2006, 8/2013, 15/2014 и 9/2019), Градоначалникот на Општина Карпош, донесе

**ЗАКЛУЧОК**
**за објавување Програма за изменување и дополнување на Програмата за активностите на Општина Карпош во областа на еднаквите можности меѓу жените и мажите за 2019 година**

1. Се објавува Програмата за изменување и дополнување на Програмата за активностите на Општина Карпош во областа на еднаквите можности меѓу жените и мажите за 2019 година, донесена на дваесет и осмата седница на Советот на Општина Карпош, одржана 17октомври 2019 година.

2. Овој Заклучок влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во „Службен гласник на Општина Карпош“.

**Број: 11-7449/3**
**Датум: 18.10.2019 година**
**Скопје**

**ГРАДОНАЧАЛНИК**
**НА ОПШТИНА КАРПОШ,**
**Стефан Богоев, с.р.**

Врз основа на член 22, став 1, точка 13; член 36, став 1, точка 1 и член 62 од Законот за локалната самоуправа („Службен весник на Република Македонија“ бр.5/2002) и Програмата за активностите на Општина Карпош во областа на еднаквите можности меѓу жените и мажите во Општина Карпош за 2019 година („Службен гласник на Општина Карпош“бр.13/2018), Советот на Општина Карпош, на дваесет и осмата седница, одржана на 17 октомври 2019 година, донесе

**ПРОГРАМА**
**за изменување и дополнување на Програмата за активностите на Општина Карпош во областа на еднаквите можности меѓу жените и мажите во Општина Карпош за 2019 година**

I.Во Програмата за активностите на Општина Карпош во областа на еднаквите можности меѓу жените и мажите во Општина Карпош за 2019 година („Службен гласник на Општина Карпош“ бр.13/2018), се врши изменување и дополнување во Глава II. Проектни активности во точка 1, точка 2 и точка 3 на начин што:

а) Во точка 1. Заедно против насилството врз жените и нивното здравје, во насловот по зборот здравје се додаваат зборовите: „и изедначување на можностите кај учениците од основните училишта со акцент на нивното здравје, раст и развој“.

Во делот Стратешки насоки и цели, по првиот пасус, се додава нов пасус кој гласи: „Подигање на свеста за изедначување на можностите кај учениците од основните училишта, со акцент на нивното здравје, раст и развој“. По првиот пасус, се додава нов пасус кој гласи: Доделувањето финансиска поддршка на физички лица, правни лица, здруженија на граѓани и фондации кои се занимаваат со предметната дејност и/или се регистрирани за дејноста еднакви можности меѓу жените и мажите, ќе биде наменето за реализација на проекти од областа на еднакви можности. За остварување и реализација на предвидените активности кои не се опфатени во оваа Програма во висина до 30.000,00 денари Градоначалникот на Општина Карпош формира Комисија за еднократна помош. Оваа еднократна финансиска поддршка ќе се доделува еднаш во годината и ќе ја определнува Комисија составена од пет члена (три члена од општинската администрација и два члена од членовите на Советот).

За проекти чиј што износ е повисок од 30.000,00 денари ќе биде распишан оглас кој ќе се спроведе врз основа на предходно утврдени критериуми. Проектите на заинтересираните, преку архивата на Општина Карпош, се доставуваат до Координаторот за еднакви можности на жените и мажите, а по истите одлучуваат тројца претставници од Комисијата за еднакви можности, Координаторот за еднакви можности и еден претставник од општинската админитрација. Огласот ќе биде отворен преку цела година до 31.12.2019 година или до исцрпување на предвидените средства.

Одобрените проекти се доставуваат на разгледување и усвојување до Градоначалникот на Општина Карпош и до Советот на Општина Карпош.

Во делот Очекувани резултати, по првиот пасус, се додава нов пасус кој гласи: „Подигање на свеста за постоење на насилство помеѓу учениците од основните училишта, постоење на разлики во можностите помеѓу двата пола, изедначување на можностите кај учениците од основните училишта, со акцент на нивното здравје, раст и развој.“

Во делот Целна група, по првиот пасус, се додава нов пасус кој гласи: „Ученици од општинските основни училишта од територијата на Општина Карпош“.

| 1. | **Заедно против насилството врз жените, мажите и децата и нивното здравје**<br>**Еднакви можности меѓу учениците од основните училишта** |
|---|---|
| **Опис на активности:** | Одржување на трибина и тренинг програма |
| **Стратешки насоки и цели:** | Подигање на свеста за постоење на семејното насилство, негово препознавање и помош на жртвите од семејно насилство.<br><br>Подигање на свеста за изедначување на можностите кај учениците од основните училишта, со акцент на нивното здравје, раст и развој“.<br>Доделувањето финансиска поддршка на физички лица, правни лица, здруженија на граѓани и фондации кои се занимаваат со предметната дејност и/или се регистрирани за дејноста еднакви можности меѓу жените и мажите, ќе биде наменето за реализација на проекти од областа на еднакви можности на жените и мажите. За остварување и реализација на предвидените активности кои не се опфатени во оваа Програма, во висина до 30.000,00 денари, Градоначалникот на Општина Карпош формира Комисија за еднократна помош. Оваа еднократна финансиска поддршка ќе се доделува |

| | |
|---|---|
| | еднаш во годината и ќе ја определнува Комисија составена од пет члена (три члена од општинската администрација и два члена од членовите на Советот).<br>За проекти чиј што износ е повисок од 30.000,00 денари ќе биде распишан оглас кој ќе се спроведе врз основа на предходно утврдени критериуми. Проектите на заинтересираните преку архивата на Општина Карпош се доставуваат до Координаторот за еднакви можности на жените и мажите, а по истите одлучуваат тројца претставници од Комисијата за еднакви можности при Советот на Општина Карпош, Координаторот за еднакви можности и еден претставник од општинската админитрација. Огласот ќе биде отворен преку цела година, до 31.12.2019 година, или до исцрпување на предвидените средства.<br>Одобрените проекти се доставуваат до Градоначалникот на Општина Карпош и до Советот на Општина Карпош на разгледување и усвојување. |
| **Очекувани резултати:** | Подигање на свеста за постоење на семејното насилство во нашето опкржување, укажување на законските регулативи за спречување на семејното насилство.<br><br>Подигање на свеста за постоење на насилство помеѓу учениците од основните училишта, постоење на разлики во можностите помеѓу двата пола, изедначување на можностите кај учениците од основните училишта, со акцент на нивното здравје, раст и развој.“ |

| | |
|---|---|
| **Целна група:** | Жени, мажи и деца жртви на семејно насилство.<br><br>Ученици од општинските основни училишта од територијата на Општина Карпош“. |
| **Предвидена финансиска рамка:** | 62.000.00 денари |

б) Во точка 2. „Не постојат права на жените, туку постојат човекови права - сите сме еднакви“ насловот се менува и гласи: „Не постојат права на жените, права на мажите и права на децата, туку постојат човекови права-сите сме еднакви“.

Во делот „Опис на активности“ секаде во текстот по зборот мажите се додаваат зборовите „и децата“. По првиот пасус се додаваат нови два пасуса кои гласат: Доделувањето финансиска поддршка на физички лица, правни лица, здруженија на граѓани и фондации кои се занимаваат со предметната дејност и/или се регистрирани за дејноста еднакви можности меѓу жените и мажите, ќе биде наменето за реализација на проекти од областа на еднакви можности. За остварување и реализација на предвидените активности кои не се опфатени во оваа Програма, во висина до 30.000,00 денари, Градоначалникот на Општина Карпош формира Комисија за еднократна помош. Оваа еднократна финансиска поддршка ќе се доделува еднаш во годината и ќе ја определува Комисија составена од пет члена (три члена од општинската администрација и два члена од членовите на Советот).

За проекти чиј што износ е повисок од 30.000,00 денари ќе биде распишан оглас кој ќе се спроведе врз основа на предходно утврдени критериуми. Проектите на заинтересираните, преку архивата на Општина Карпош, се доставуваат до Координаторот за еднакви можности на жените и мажите, а по истите одлучуваат тројца претставници од Комисијата за еднакви можности при Советот на Општина Карпош, Координаторот за еднакви можности и еден претставник од општинската администрација. Огласот ќе биде отворен преку цела година, до 31.12.2019 година, или до исцрпување на предвидените средства. Одобрените проекти се доставуваат до Градоначалникот на Општина Карпош и до Советот на Општина Карпош на разгледување и усвојување.

Во делот „Стратешки насоки и цели“, секаде во текстот, по зборот „и мажите“ се додаваат зборовите „и децата“.

Во делот „Целна група“ зборот „граѓани“ се брише и на негово место се запишува зборот „жители“.

Во делот „Предвидена финансиска рамка“ износот 90.000,00 денари се брише и на негово место се запишува износот 5.000,00 денари.

По изменувањето и допонувањето точка 2 гласи:

| 2. | **Не постојат права на жените, права на мажите и права на децата туку постојат човекови права – сите сме еднакви** |
|---|---|
| **Опис на активности:** | Еднакви можности на жените, мажите и децата е промовирање на начелото за воведување еднакво учество на жените и мажите во сите области од јавниот и приватниот сектор, еднаков статус и третман во остварувањето на сите права и во развојот на нивните индивидуални потенцијали преку кои тие придонесуваат во општествениот развој, како и еднакви придобивки од резултатите произлезени од тој развој.<br><br>Доделувањето финансиска поддршка на физички лица, правни лица, здруженија на граѓани и фондации кои се занимаваат со предметната дејност и/или се регистрирани за дејноста еднакви можности меѓу жените и мажите, ќе биде наменето за реализација на проекти од областа на еднакви можности на жените и мажите. За остварување и реализација на предвидените активности кои не се опфатени во оваа Програма, во висина до 30.000,00 денари, Градоначалникот на Општина Карпош формира Комисија за еднократна помош. Оваа еднократна финансиска поддршка ќе се доделува еднаш во годината и ќе ја определува Комисија составена од пет члена (три члена од општинската |

| | |
|---|---|
| | администрација и два члена од членовите на Советот).<br>За проекти чиј што износ е повисок од 30.000,00 денари, ќе биде распишан оглас кој ќе се спроведе врз основа на предходно утврдени критериуми. Проектите на заинтересираните, преку архивата на Општина Карпош, се доставуваат до Координаторот за еднакви можности на жените и мажите, а по истите одлучуваат тројца претставници од Комисијата за еднакви можности, Координаторот за еднакви можности и еден претставник од општинската админитрација. Огласот ќе биде отворен преку цела година, до 31.12.2019 година, или до исцрпување на предвидените средства.<br>Одобрените проекти се доставуваат до Градоначалникот на Општина Карпош и до Советот на Општина Карпош на разгледување и усвојување. |
| **Стратешки насоки и цели:** | Дискриминација врз основа на пол е секоја разлика, исклучување или ограничување врз основа на пол, што има за последица или за цел да го загрози или оневозможи признавањето, остварувањето или практикувањето на човековите права и основните слободи врз основа на еднаквост на жените мажите и децата во политичко, економско, општествено, културно и граѓанско или друго поле, без оглед на нивната раса, боја на кожа, род, припадност на маргинализирана група, етничка припадност, јазик, државјанство, социјално потекло, религија, или верско уверување, образование, политичка припадност, личен или општествен статус, ментална или телесна попреченост, возраст, семејна или брачна состојба, имотен статус, здравствена состојба |

| | |
|---|---|
| | или која било друга основа. |
| **Очекувани резултати:** | |
| **Целна група:** | Сите жители на Општина Карпош без разлика на пол, раса, национална и верска определеност. |
| **Предвидена финансиска рамка:** | 5.000.00 денари |

в) Во точка 3 „Размена на искуство за еднакви можности во регионот и Европа“ се менува насловот и истиот гласи: „Имплементација и реализација на проекти од областа на еднакви можности меѓу жените, мажите и децата“.

Во делот Опис на активности, се брише текстот и на негово место се запишува следниот текст: „Доделувањето финансиска поддршка на физички лица, правни лица, здруженија на граѓани и фондации кои се занимаваат со предметната дејност и/или се регистрирани за дејноста еднакви можности меѓу жените и мажите, ќе биде наменето за реализација на проекти од областа на еднакви можности меѓу жените и мажите. За остварување и реализација на предвидените активности кои не се опфатени во оваа Програма, во висина до 30.000,00 денари Градоначалникот на Општина Карпош формира Комисија за еднократна помош. Оваа еднократна финансиска поддршка ќе се доделува еднаш во годината и ќе ја определува Комисија составена од пет члена (три члена од општинската администрација и два члена од членовите на Советот).

За проекти чиј што износ е повисок од 30.000,00 денари, ќе биде распишан оглас кој ќе се спроведе врз основа на предходно утврдени критериуми. Проектите на заинтересираните, преку архивата на Општина Карпош, се доставуваат до Координаторот за еднакви можности на жените и мажите, а по истите одлучуваат тројца претставници од Комисијата за еднакви можности на жените и мажите при Советот на Општина Карпош, Координаторот за еднакви можности нажените и мажите и еден претставник од општинската админитрација. Огласот ќе биде отворен преку цела година, до 31.12.2019 година, или до исцрпување на предвидените средства. Одобрените проекти се доставуваат до Градоначалникот на Општина Карпош и до Советот на Општина Карпош на разгледување и усвојување.

Во делот „Предвидена финансиска рамка“ износот од 150.000,00 денари се брише и на негово место се запишува износот 235.000,00 денари“.

По изменувањто и дополнувањето точка 3 гласи:

| 3. | **Имплементација и реализација на проекти од областа на еднакви можности меѓу жените, мажите и децата** |
|---|---|
| **Опис на активности:** | Доделувањето финансиска поддршка на физички лица, правни лица, здруженија на граѓани и фондации кои се занимаваат со предметната дејност и/или се регистрирани за дејноста еднакви можности меѓу жените и мажите, ќе биде наменето за реализација на проекти од областа на еднакви можности. За остварување и реализација на предвидените активности кои не се опфатени во оваа Програма, во висина до 30.000,00 денари, Градоначалникот на Општина Карпош формира Комисија за еднократна помош. Оваа еднократна финансиска поддршка ќе се доделува еднаш во годината и ќе ја определнува Комисија составена од пет члена (три члена од општинската администрација и два члена од членовите на Советот).<br>За проекти чиј што износ е повисок од 30.000,00 денари, ќе биде распишан оглас кој ќе се спроведе врз основа на предходно утврдени критериуми. Проектите на заинтересираните, преку архивата на Општина Карпош, се доставуваат до Координаторот за еднакви можности на жените и мажите, а по истите одлучуваат тројца претставници од Комисијата за еднакви можности при Советот на Општина Карпош, Координаторот за еднакви можности и еден претставник од општинската админитрација. Огласот ќе биде отворен преку цела година до 31.12.2019 година или до исцрпување на предвидените средства.<br>Одобрените проекти се доставуваат до Градоначалникот на Општина Карпош и до Советот |

| | |
|---|---|
| | на Општина Карпош на разгледување и усвојување. |
| **Предвидена финансиска рамка:** | 235.000,00 денари |

II. Вкупната предвидена финансиска рамка на Програмата во износ од 452.000,00 денари останува ист.

III. Оваа Програма влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави со „Службен гласник на Општина Карпош“.

**Број: 09-7197/6**
**Датум: 17.10.2019 година**
**Скопје**

**ПРЕТСЕДАТЕЛ**
**НА СОВЕТОТ НА ОПШТИНА КАРПОШ,**
**Андреј Манолев, с.р.**

Врз основа на член 50, став 1, точка 3 од Законот за локалната самоуправа („Службен весник на Република Македонија“ бр.5/2002), а во врска со член 75, став 1 од Статутот на Општина Карпош („Службен гласник на Општина Карпош“ бр.1/2006, 8/2013, 15/2014 и 9/2019), Градоначалникот на Општина Карпош, донесе

**ЗАКЛУЧОК**
**за објавување Одлука за давање согласност за промена на корисникот на електричните броила во општинските основни училишта на територијата на Општина Карпош**

1. Се објавува Одлуката за давање согласност за промена на корисникот на електричните броила во општинските основни училишта на територијата на Општина Карпош, донесена на дваесет и осмата седница на Советот на Општина Карпош, одржана на 17 октомври 2019 година.

2. Овој Заклучок влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во „Службен гласник на Општина Карпош“.

**Број: 11-7449/4**
**Датум: 18.10.2019 година**
**Скопје**

**ГРАДОНАЧАЛНИК**
**НА ОПШТИНА КАРПОШ,**
**Стефан Богоев, с.р.**

Врз основа на член 22 став 1, точка 8, член 36, став 1, точка 10 и член 62 , член 64 од Законот за локалната самоуправа („Службен весник на Република Македонија” бр.5/02), и член 22 став 3 од Законот за основно образование („Службен весник на Република Северна Македонија” бр.161/19), Советот на Општина Карпош, на дваесет и осмата седница, одржана на 17 октомври 2019 година, ја донесе следната

**О Д Л У К А**
**за давање согласност за промена на корисникот на електричните броила во општинските основни училишта на територија на Општина Карпош**

**Член 1**

Со оваа одлука Советот на Општина Карпош дава согласност да се промени корисникот на електричните броила во општинските основни училишта на територија на Општина Карпош

**Член 2**

Врз основа согласноста дадена во став 1, се менуваат титуларите, односно се менуваат корисниците од корисник општинско основно училиште во корисник Општина Карпош, како следи

Од корисник ООУ Аврам Писевски во корисник Општина Карпош
-број на корисник 002354264, место на потрошувачка 104307000000

Од корисник ООУ Братство во корисник Општина Карпош
-број на корисник 000047613, место на потрошувачка 000000044126
-број на корисник 100275988, место на потрошувачка 000000031647
-број на корисник 000047613, место на потрошувачка 104115700002

Од корисник ООУ Вера Циривири Трена во корисник Општина Карпош
-број на корисник 000049643, место на потрошувачка 104186200000
-број на корисник 000049643, место на потрошувачка 000000086090
-број на корисник 000049643, место на потрошувачка 000000083410

Од корисник ООУ Владо Тасевски во корисник Општина Карпош
-број на корисник 000047810, место на потрошувачка 104160600003
Од корисник ООУ Војдан Чернодрински во корисник Општина Карпош
-број на корисник 002357042, место на потрошувачка 104310371000

Од корисник ООУ Димо Хаџи Димов во корисник Општина Карпош
-број на корисник 008224466, место на потрошувачка 104211600000
-број на корисник 008223990, место на потрошувачка 104184401000
-број на корисник 000049535. место на потрошувачка 104184400000

Од корисник ООУ Јан Амос Коменски во корисник Општина Карпош
-број на корисник 002354940, место на потрошувачка 104031600001

Од корисник ООУ Лазо Трповски во корисник Општина Карпош
-број на корисник 000051397, место на потрошувачка 104240900000

Од корисник ООУ Петар Поп Арсов во корисник Општина Карпош
-број на корисник 002359800, место на потрошувачка 104045300000

Од корисник ООУ Христијан Тодоровски Карпош во корисник Општина Карпош
-број на корисник 002364365, со место на потрошувачка 104057800001

**Член 3**

Се задолжува Одделението за енергетска ефикасност при Секторот екологија и енергетска ефикасност да поднесе барање до ЕВН за завршување на постапката.

**Член 4**

Оваа одлука влегува во сила наредниот ден од денот на објавувањето во „Службен гласник на Општина Карпош“.

**Број: 09-7197/7**
**Датум: 17.10.2019 година**
**Скопје**

**ПРЕТСЕДАТЕЛ**
**НА СОВЕТОТ НА ОПШТИНА КАРПОШ,**
**Андреј Манолев, с.р.**

Врз основа на член 50, став 1, точка 3 од Законот за локалната самоуправа („Службен весник на Република Македонија“ бр.5/2002), а во врска со член 75, став 1 од Статутот на Општина Карпош („Службен гласник на Општина Карпош“ бр.1/2006, 8/2013, 15/2014 и 9/2019), Градоначалникот на Општина Карпош, донесе

**ЗАКЛУЧОК**
**за објавување Одлука за утврдување на вклопување на бесправни објекти во урбанистичко-планска документација заради вклопување на бесправните објекти во идна планска документација (КП бр. 646/63 КО Долно Водно)**

1. Се објавува Одлуката за утврдување на вклопување на бесправни објекти во урбанистичко-планска документација заради вклопување на бесправните објекти во идна планска документација (КП бр.646/63 КО Долно Водно) донесена на дваесет и осмата седница на Советот на Општина Карпош, одржана на 17 октомври 2019 година.

2. Овој Заклучок влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во „Службен гласник на Општина Карпош“.

**Број: 11-7449/5**
**Датум: 18.10.2019 година**
**Скопје**

**ГРАДОНАЧАЛНИК**
**НА ОПШТИНА КАРПОШ,**
**Стефан Богоев, с.р.**

Врз основа на член 36, став 1, точка 1 и член 62 од Законот за локалната самоуправа („Службен весник на Република Македонија” бр. 5/02), член 10, став 4 од Законот за постапување на бесправно изградени објекти („Службен весник на Репубилка Македонија“ бр.23/11, 54/11, 155/12, 53/13, 72/13, 44/14, 115/14, 199/14, 124/15, 129/15, 217/15, 31/16 и 190/17) и член 2, став 2, алинеја 5 од Правилникот за стандарди за вклопување на бесправни објекти во урбанистичко-планска документација („Службен весник на Република Македонија“ бр. 56/11, 162/12, 95/13, 109/14, 64/15, 217/15 и 52/16), Советот на Општина Карпош, на дваесет и осмата седница, одржана на 17 октомври 2019 година, донесе

**О Д Л У К А**
**за утврдување на вклопување на бесправни објекти во урбанистичко-планска документација заради вклопување на бесправните објекти во идна планска документација (КП бр. 646/63 КО Долно Водно)**

**Член 1**

За поднесеното барање за утврдување на правен статус на бесправен објект евидентиран во регистарот на поднесени барања за утврдување на правен статус на бесправни објекти во Општина Карпош УП1 бр.35-2661 од 21.07.2011 година, на Стојан Велковски од Скопје, за објект на КПбр.646/63 КО-Долно Водно, Советот на Општина Карпош констатира дека може да се вклопи во идна планска документација согласно одредбите на член 10, став 4 од Законот за постапување на бесправно изградени објекти („Службен весник на Репубилка Македонија“ бр.23/11, 54/11, 155/12, 53/13, 72/13, 44/14, 115/14, 199/14, 124/15, 129/15, 217/15, 31/16 и 190/17) и член 2, став 2, алинеја 5 од Правилникот за стандарди за вклопување на бесправни објекти во урбанистичко-планска документација („Службен весник на Република Македонија“ бр. 56/11, 162/12, 95/13, 109/14, 64/15, 217/15 и 52/16),

**Член 2**

Со цел вклопување на објектот од член 1 на оваа одлука, ќе се изработи и донесе урбанистичко-планска документација.

**Член 3**

Се задолжува Секторот за урбанизам да ја спроведе оваа одлука.

**Член 4**

Оваа одлука влегува во сила наредниот ден од денот на објавувањето во „Службен гласник на Општина Карпош”.

**Број: 09-7197/8**
**Датум: 17.10.2019 година**
**Скопје**

**ПРЕТСЕДАТЕЛ**
**НА СОВЕТОТ НА ОПШТИНА КАРПОШ,**
**Андреј Манолев, с.р.**

Врз основа на член 50, став 1, точка 3 од Законот за локалната самоуправа („Службен весник на Република Македонија“ бр.5/2002), а во врска со член 75, став 1 од Статутот на Општина Карпош („Службен гласник на Општина Карпош“ бр.1/2006, 8/2013, 15/2014 и 9/2019), Градоначалникот на Општина Карпош, донесе

**ЗАКЛУЧОК**
**за објавување Одлука за одобрување финансиска поддршка на КОШАРКАРСКИ КЛУБ СПАРТА**

1. Се објавува Одлуката за одобрување финансиска поддршка на КОШАРКАРСКИ КЛУБ СПАРТА донесена на дваесет и осмата седница на Советот на Општина Карпош, одржана на 17 октомври 2019 година.

2. Овој Заклучок влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во „Службен гласник на Општина Карпош“.

**Број: 11-7449/6**
**Датум: 18.10.2019 година**
**Скопје**

**ГРАДОНАЧАЛНИК**
**НА ОПШТИНА КАРПОШ,**
**Стефан Богоев, с.р.**

Врз основа на член 36, став 1, точка 1 и член 62 од Законот за локалната самоуправа („Службен весник на Република Македонија“ бр.5/2002), точка 4. Финансиска поддршка на спортски клубови од подрачјето на Општина Карпош од Програмата за активностите на Општина Карпош во областа на спортот за 2019 година („Службен гласник на Општина Карпош бр.13/18, 11/19) и Одлуката за објавување оглас за доделување на финансиска поддршка на спортски клубови од подрачјето на Општина Карпош бр.09-573/6 од 31.01.2019 година („Службен гласник на Општина Карпош“ бр.2/2019), Советот на Општина Карпош, на дваесет и осмата седница, орджана на 17 октомври 2019 година, донесе

**О Д Л У К А**
**одобрување финансиска поддршка на КОШАРКАРСКИ КЛУБ СПАРТА**

**Член 1**

Со оваа одлука се усвојува Барањето бр.55-7058/1 од 04.10.2019 година, доставено од **КОШАРКАРСКИ КЛУБ СПАРТА**, со која се одобруваат финансиски средства како поддршка на спортскиот клуб кој се натпреварува во системот на националната спортска федерација, врз основа на точка 4.Финансиска поддршка на спортски клубови од подрачјето на Општина Карпош од Програмата за активностите на Општина Карпош во областа на спортот за 2019 година („Службен гласник на Општина Карпош бр.13/18, 11/2019).

**Член 2**

За реализација на барањето од член 1 на оваа одлука се одобруваат средства во износ од 300.000,00 денари.

**Член 3**

Средствата од член 2 на оваа одлука се обезбедени од Буџетот на Општина Карпош за 2019 година од Програмата за активностите на Општина Карпош во областа на спортот за 2019 година.

**Член 4**

Се задолжува Градоначалникот на Општина Карпош да ја спроведе оваа одлука и да потпише Договор за одобрување на финансиски средства со **КОШАРКАРСКИ КЛУБ СПАРТА.**

**Член 5**

Се задолжува баратетелот **КОШАРКАРСКИ КЛУБ СПАРТА** до Советот на Општина Карпош и до Одделението за култура и спорт да достави детален финансиски извештај за потрошените средства, кои во прилог ќе ги содржат следните документи: фактури со сметко-потврди или фискални сметки со сметко потврди, согласно приложениот финансиски план на проектот при аплицирањето по огласот.

**Член 6**

Оваа одлука влегува во сила од денот на донесување, а ќе се објави во „Службен гласник на Општина Карпош“.

**Број: 09-7197/9**
**Датум: 17.10.2019 година**
**Скопје**

**ПРЕТСЕДАТЕЛ**
**НА СОВЕТОТ НА ОПШТИНА КАРПОШ,**
**Андреј Манолев, с.р.**

Врз основа на член 50, став 1, точка 3 од Законот за локалната самоуправа („Службен весник на Република Македонија“ бр.5/2002), а во врска со член 75, став 1 од Статутот на Општина Карпош („Службен гласник на Општина Карпош“ бр.1/2006, 8/2013, 15/2014 и 9/2019), Градоначалникот на Општина Карпош, донесе

**ЗАКЛУЧОК**
**за објавување Одлука за одобрување финансиска поддршка на ШАХОВСКИ КЛУБ ГАМБИТ АСЕКО - СЕЕ**

1. Се објавува Одлуката за одобрување финансиска поддршка на ШАХОВСКИ КЛУБ ГАМБИТ АСЕКО - СЕЕ, донесена на дваесет и осмата седница на Советот на Општина Карпош, одржана на 17 октомври 2019 година.

2. Овој Заклучок влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во „Службен гласник на Општина Карпош“.

**Број: 11-7449/7**
**Датум: 18.10.2019 година**
**Скопје**

**ГРАДОНАЧАЛНИК**
**НА ОПШТИНА КАРПОШ,**
**Стефан Богоев, с.р.**

Врз основа на член 36, став 1, точка 1 и член 62 од Законот за локалната самоуправа („Службен весник на Република Македонија“ бр.5/2002), точка 4. Финансиска поддршка на спортски клубови од подрачјето на Општина Карпош од Програмата за активностите на Општина Карпош во областа на спортот за 2019 година („Службен гласник на Општина Карпош бр.13/18, 11/19) и Одлуката за објавување оглас за доделување на финансиска поддршка на спортски клубови од подрачјето на Општина Карпош бр.09-573/6 од 31.01.2019 година („Службен гласник на Општина Карпош“ бр.2/2019), Советот на Општина Карпош, на дваесет и осмата седница, одржана на 17 октомври 2019 година, донесе

**О Д Л У К А**
**за одобрување финансиска поддршка на ШАХОВСКИ КЛУБ ГАМБИТ АСЕКО – СЕЕ**

**Член 1**

Со оваа одлука се усвојува Барањето бр.55-7234/1 од 10.10.2019 година, доставено од **ШАХОВСКИ КЛУБ ГАМБИТ АСЕКО - СЕЕ**, со која се одобруваат финансиски средства како поддршка на спортскиот клуб кој се натпреварува во системот на националната спортска федерација, врз основа на точка 4.Финансиска поддршка на спортски клубови од подрачјето на Општина Карпош од Програмата за активностите на Општина Карпош во областа на спортот за 2019 година („Службен гласник на Општина Карпош бр.13/18, 11/2019).

**Член 2**

За реализација на барањето од член 1 на оваа одлука се одобруваат средства во износ од 100.000,00 денари.

**Член 3**

Средствата од член 2 на оваа одлука се обезбедени од Буџетот на Општина Карпош за 2019 година од Програмата за активностите на Општина Карпош во областа на спортот за 2019 година.

**Член 4**

Се задолжува Градоначалникот на Општина Карпош да ја спроведе оваа одлука и да потпише Договор за одобрување на финансиски средства со **ШАХОВСКИ КЛУБ ГАМБИТ АСЕКО - СЕЕ.**

**Член 5**

Се задолжува баратeлот ШАХОВСКИ КЛУБ ГАМБИТ АСЕКО - СЕЕ до Советот на Општина Карпош и до Одделението за култура и спорт да достави детален финансиски извештај за потрошените средства, кои во прилог ќе ги содржат следните документи: фактури со сметко-потврди или фискални сметки со сметко потврди, согласно приложениот финансиски план на проектот при аплицирањето по огласот.

**Член 6**

Оваа одлука влегува во сила од денот на донесување, а ќе се објави во „Службен гласник на Општина Карпош“.

**Број: 09-7197/10**
**Датум: 17.10.2019 година**
**Скопје**

**ПРЕТСЕДАТЕЛ**
**НА СОВЕТОТ НА ОПШТИНА КАРПОШ,**
**Андреј Манолев, с.р.**

Врз основа на член 50, став 1, точка 3 од Законот за локалната самоуправа („Службен весник на Република Македонија“ бр.5/2002), а во врска со член 75, став 1 од Статутот на Општина Карпош („Службен гласник на Општина Карпош“ бр.1/2006, 8/2013, 15/2014 и 9/2019), Градоначалникот на Општина Карпош, донесе

**ЗАКЛУЧОК**
**за објавување Одлука за одобрување финансиска поддршка на ПОЛИЦИСКИ КЛУБ ЗА БОРЕЧКИ СПОРТОВИ 7МИ МАЈ ТИГАР**

1. Се објавува Одлиуката за одобрување финансиска поддршка на ПОЛИЦИСКИ КЛУБ ЗА БОРЕЧКИ СПОРТОВИ 7МИ МАЈ ТИГАР, донесена на дваесет и осмата седница на Советот на Општина Карпош, одржана на 17 октомври 2019 година.

2. Овој Заклучок влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во „Службен гласник на Општина Карпош“.

**Број: 11-7449/8**
**Датум: 18.10.2019 година**
**Скопје**

**ГРАДОНАЧАЛНИК**
**НА ОПШТИНА КАРПОШ,**
**Стефан Богоев, с.р.**

Врз основа на член 36, став 1, точка 1 и член 62 од Законот за локалната самоуправа („Службен весник на Република Македонија“ бр.5/2002), точка 4. Финансиска поддршка на спортски клубови од подрачјето на Општина Карпош од Програмата за активностите на Општина Карпош во областа на спортот за 2019 година („Службен гласник на Општина Карпош бр.13/18, 11/19) и Одлуката за објавување оглас за доделување на финансиска поддршка на спортски клубови од подрачјето на Општина Карпош бр.09-573/6 од 31.01.2019 година („Службен гласник на Општина Карпош“ бр.2/2019), Советот на Општина Карпош, на дваесет и осмата седница, одржана на 17 октомври 2019 донесе,

**О Д Л У К А**
**за одобрување финансиска поддршка на ПОЛИЦИСКИ КЛУБ ЗА БОРЕЧКИ СПОРТОВИ 7МИ МАЈ ТИГАР**

**Член 1**

Со оваа одлука се усвојува Барањето бр.55-6716/1 од 18.09.2019 година, доставено од **ПОЛИЦИСКИ КЛУБ ЗА БОРЕЧКИ СПОРТОВИ 7МИ МАЈ ТИГАР**, со која се одобруваат финансиски средства како поддршка на спортскиот клуб кој се натпреварува во системот на националната спортска федерација, врз основа на точка 4.Финансиска поддршка на спортски клубови од подрачјето на Општина Карпош од Програмата за активностите на Општина Карпош во областа на спортот за 2019 година („Службен гласник на Општина Карпош бр.13/18, 11/2019).

**Член 2**

За реализација на барањето од член 1 на оваа одлука се одобруваат средства во износ од 40.000,00 денари.

**Член 3**

Средствата од член 2 на оваа одлука се обезбедени од Буџетот на Општина Карпош за 2019 година од Програмата за активностите на Општина карпош во областа на спортот за 2019 година.

**Член 4**

Се задолжува Градоначалникот на Општина Карпош да ја спроведе оваа одлука и да потпише Договор за одобрување на финансиски средства со **ПОЛИЦИСКИ КЛУБ ЗА БОРЕЧКИ СПОРТОВИ 7МИ МАЈ ТИГАР.**

**Член 5**

Се задолжува барателот ПОЛИЦИСКИ КЛУБ ЗА БОРЕЧКИ СПОРТОВИ 7МИ МАЈ ТИГАР до Советот на Општина Карпош и до Одделението за култура и спорт да достави детален финансиски извештај за потрошените средства, кои во прилог ќе ги содржат следните документи: фактури со сметко-потврди или фискални сметки со сметко потврди, согласно приложениот финансиски план на проектот при аплицирањето по огласот.

**Член 6**

Оваа одлука влегува во сила од денот на донесување, а ќе се објави во „Службен гласник на Општина Карпош“.

**Број: 09-7197/11**
**Датум: 17.10.2019 година**
**Скопје**

**ПРЕТСЕДАТЕЛ**
**НА СОВЕТОТ НА ОПШТИНА КАРПОШ,**
**Андреј Манолев, с.р.**

Врз основа на член 50, став 1, точка 3 од Законот за локалната самоуправа („Службен весник на Република Македонија“ бр.5/2002), а во врска со член 75, став 1 од Статутот на Општина Карпош („Службен гласник на Општина Карпош“ бр.1/2006, 8/2013, 15/2014 и 9/2019), Градоначалникот на Општина Карпош, донесе

**ЗАКЛУЧОК**
**за објавување Одлука за одобрување финансиска поддршка за реализација на проектот „МЕЃУНАРОДЕН ПЛИВАЧКИ НАТПРЕВАР 13ТИ НОЕМВРИ“**

1.Се објавува Одлуката за одобрување финансиска поддршка за реализација на проектот „МЕЃУНАРОДЕН ПЛИВАЧКИ НАТПРЕВАР 13ТИ НОЕМВРИ“, донесена на дваесет и осмата седница на Советот на Општина Карпош, одржана на 17 октомври 2019 година.

2. Овој Заклучок влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во „Службен гласник на Општина Карпош“.

**Број: 11-7449/9**
**Датум: 18.10.2019 година**
**Скопје**

**ГРАДОНАЧАЛНИК**
**НА ОПШТИНА КАРПОШ,**
**Стефан Богоев, с.р.**

Врз основа на член 36, став 1, точка 1 и член 62 од Законот за локална самоуправа („Службен весник на Република Македонија“ бр.5/2002), точка 8. Финансиска поддршка за спортско рекреативни и здравствени проекти за физички и правни лица од Општина Карпош од Програмата за активностите на Општина Карпош во областа на спортот за 2019 година („Службен гласник на Општина Карпош бр.13/18) и Одлуката за објавување оглас за доделување на финансиска поддршка за спортско рекреативни и здравствени проекти за физички и правни лица од Општина Карпош бр.09-573/7 од 31.01.2019 година („Службен гласник на Општина Карпош“ бр.2/2019), Советот на Општина Карпош, на дваесет и осмата седница, одржана на 17.10.2019 донесе

**О Д Л У К А**
**одобрување финансиска поддршка за реализација на проектот**
**„ МЕЃУНАРОДЕН ПЛИВАЧКИ НАТПРЕВАР 13ТИ НОЕМВРИ “**

**Член 1**

Со оваа одлука се усвојува Барањето бр.55-7303/1 од 14.10.2019 година, доставено од Пливачки клуб Бета Шаркс, за одобрување финансиска поддршка за реализација на проектот „Меѓународен пливачки натпревар 13ти номеври“ со која се одобруваат финансиски средства како поддршка за спортско рекреативни и здравствени проекти за физички и правни лица од Општина Карпош, врз основа на точка 8. Финансиска поддршка за спортско рекреативни и здравствени проекти за физички и правни лица од Општина Карпош од Програмата за активностите на Општина Карпош во областа на спортот за 2019 година („Службен гласник на Општина Карпош бр.13/18).

**Член 2**

За реализација на барањето од член 1 на оваа одлука се одобруваат средства во износ од 100.000,00 денари.

**Член 3**

Средствата од член 2 на оваа одлука се обезбедени од Буџетот на Општина Карпош за 2019 година од Програмата за активностите на Општина Карпош во областа на спортот за 2019 година.

**Член 4**

Се задолжува Градоначалникот на Општина Карпош да ја спроведе оваа одлука и да потпише договор со Пливачки клуб Бета Шаркс.

**Член 5**

Се задолжува барателот Пливачки клуб Бета Шаркс до Советот на Општина Карпош и до Одделението за култура и спорт да достави детален финансиски извештај за потрошените средства, кои во прилог ќе ги содржат следните документи: фактури со сметко-потврди или фискални сметки со сметко потврди, согласно приложениот финансиски план на проектот при аплицирањето по огласот.

**Член 6**

Оваа одлука влегува во сила од денот на донесување, а ќе се објави во „Службен гласник на Општина Карпош“.

**Број: 09-7197/12**
**Датум: 17.10.2019 година**
**Скопје**

ПРЕТСЕДАТЕЛ
**НА СОВЕТОТ НА ОПШТИНА КАРПОШ,**
**Андреј Манолев, с.р.**

Врз основа на член 50, став 1, точка 3 од Законот за локалната самоуправа („Службен весник на Република Македонија“ бр.5/2002), а во врска со член 75, став 1 од Статутот на Општина Карпош („Службен гласник на Општина Карпош“ бр.1/2006, 8/2013, 15/2014 и 9/2019), Градоначалникот на Општина Карпош, донесе

**ЗАКЛУЧОК**
**за објавување Одлука за давање согласност за распишување јавен повик за проекти од надлежноста на Општина Карпош, како основа за изработка на годишните програми за работа на секторите во Општина Карпош и изработка на Буџетот на Општина Карпош за 2020 година**

1.Се објавува Одлуката за давање согласност за распишување јавен повик за проекти од надлежноста на Општина Карпош, како основа за изработка на годишните програми за работа на секторите во Општина Карпош и изработка на Буџетот на Општина Карпош за 2020 година, донесена на дваесет и осмата седница на Советот на Општина Карпош, одржана на 17 октомври 2019 година.

2. Овој Заклучок влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во „Службен гласник на Општина Карпош“.

**Број: 11-7449/10** **ГРАДОНАЧАЛНИК**
**Датум: 18.10.2019 година** **НА ОПШТИНА КАРПОШ,**
**Скопје** **Стефан Богоев, с.р.**

Врз основа на член 36, став 1, точка 1 и член 62 од Законот за локална самоуправа („Службен весник на Република Македонија“ бр.5/2002), член 14, став 3 од Законот за Буџетите („Службен весник на Република Македонија“ бр.64/05, 4/08, 103/08, 156/09, 95/10, 180/11, 172/12, 192/15 и 167/16), Советот на Општина Карпош, на дваесет и осмата седница, одржана на 17 октомври 2019 донесе

**ОДЛУКА**
**за давање согласност за распишување јавен повик за проекти од надлежноста на Општина Карпош, како основа за изработка на годишните програми за работа на секторите во Општина Карпош и изработка на Буџетот на Општина Карпош за 2020 година**

**Член 1**

Со оваа одлука Советот на Општина Карпош дава согласност за започнување постапка за објавување оглас за изготвување и реализација на проекти од надлежноста на Општина Карпош, како основа за изработка на годишните програми за работа на секторите во Општина Карпош и изработка на Буџетот на Општина Карпош за 2020 година.

**Член 2**

Врз основа на извршениот избор на изготвувачи и реализатори на проекти од надлежност на Општина Карпош, ќе бидат одобрени финансиски средства кои ќе бидат предвидени во соодветните Годишни програми на секторите, врз основа на што ќе биде изготвен Буџетот на Општина Карпош за 2020 година.

Јавниот повик за избор на изготвувачи и реализатори на проекти од сите области во надлежност на Општина Карпош да биде објавен на општинската страна www.karpos.gov.mk и во два дневни весника, од кои во еден од весниците што се издаваат на македонски јазик и во еден од весниците што се издаваат на јазикот што го зборуваат најмалку 20% од граѓаните кои зборуваат службен јазик различен од македонскиот.

**Член 3**

Постапката за избор на изготвувачи и реализатори на проекти да ја спроведат Комисии за секоја област одделно кои ќе бидат формирани од страна на Градоначалникот на Општина Карпош.
Комисиите да бидат составени од пет члена, од кои два члена од Советот на Општина Карпош и три члена од општинската администрација.

**Член 4**

За членови од Советот на Општина Карпош во Комисиите се именуваат:

- За областа Заштита на животната средина и природата

Александар Анѓушев, член на Советот на Општина Карпош
Горан Михајлов, член на Советот на Општина Карпош

- За областа Локален економски развој

Владимир Станивуковиќ, член на Советот на Општина Карпош
Владимир Кроневски, член на Советот на Општина Карпош

- За областа Комунални дејности

Зејнел Куч, член на Советот на Општина Карпош
Сашо Лазаровски, член на Советот на Општина Карпош

- За областа Култура

Филип Даскаловски, член на Советот на Општина Карпош
Емилија Ризеска Спасова, член на Советот на Општина Карпош

- За областа Спорт и рекреација

Андреј Манолев, член на Советот на Општина Карпош
Предраг Станковски, член на Советот на Општина Карпош

- За областа Социјална заштита и заштита на децата

Лиљана Трајаноска, член на Советот на Општина Карпош
Наташа Пеливанова, член на Советот на Општина Карпош

- За областа Образование

Билјана Костова, член на Советот на Општина Карпош
Даниела Штерјова, член на Советот на Општина Карпош

- За областа Здравствена заштита

Димитар Зимбаков, член на Советот на Општина Карпош
Светлана Пандиловска, член на Советот на Општина Карпош

- За областа Заштита и спасување на граѓаните и материјалните добра од воени разузнувања, природни непогоди и други несреќи и од последици предизвикани од нив

Мики Филев, член на Советот на Општина Карпош
Тони Јаревски, член на Советот на Општина Карпош

- За областа Еднакви можности меѓу жените и мажите

Елена Антониевиќ, член на Советот на Општина Карпош
Димитар Оровчанец, член на Советот на Општина Карпош

Членовите од општинската администрација ќе ги именува Градоначалникот на Општина Карпош со посебни решенија.

**Член 5**

На јавниот повик можат да учествуваат здруженија на граѓани и фондации и тоа:
- Да се регистрирани согласно позитивните законски прописи
- Да се занимаваат со активности и проекти од јавен карактер особено од областите:
  - Заштита на животната средина и природата
  - Локален економски развој
  - Комунални дејности
  - Култура
  - Спорт и рекреација
  - Социјална заштита и заштита на децата

- Образование
- Здравствена заштита
- Заштита и спасување на граѓаните и материјалните добра од воени разузнувања, природни непогоди и други несреќи и од последици предизвикани од нив
- Еднакви можности меѓу жените и мажите

**Член 6**

Заинтересиранит, наведени во член 5, став 1 од оваа одлука, потребно е да ги достават следните документи:

- Предлог проект за соодветна област
- Статут и решение за регистрација на правните лица, здруженија и фондации
- Извештај за работата за предходната година
- Референтна листа за изработени проекти (искуство со проекти во локалната самоуправа ќе се сметаат за предност)

**Член 7**

Се задолжуваат Комисиите од член 3 на оваа Одлука да ги спроведат постапките по објавениот Јавен повик за избор на изготвувачи и реализатори на проекти од сите области во надлежност на Општина Карпош и врз основа на Записниците од спроведените постапки да достават до Градоначалникот на Општина Карпош предлози за избор на изготвувачи и реализатори на проекти со предлог финансиски средства за секоја област – годишна програма.

**Член 8**

Оваа одлука влегува во сила со денот на објавувањето во „Службен гласник на Општина Карпош.

**Број: 09-7197/13**
**Датум: 17.10.2019 година**
**Скопје**

**ПРЕТСЕДАТЕЛ**
**НА СОВЕТОТ НА ОПШТИНА КАРПОШ,**
**Андреј Манолев, с.р.**

Врз основа на член 50, став 1, точка 3 од Законот за локалната самоуправа („Службен весник на Република Македонија“ бр.5/2002), а во врска со член 75, став 1 од Статутот на Општина Карпош („Службен гласник на Општина Карпош“ бр.1/2006, 8/2013, 15/2014 и 9/2019), Градоначалникот на Општина Карпош, донесе

**ЗАКЛУЧОК**
**за објавување Решение за верификација на мандатот на членовите на училишниот одбор на општинското основно училиште „Вера Циривири Трена“ Општина Карпош Скопје**

1. Се објавува Решението за верификација на мандатот на членовите на училишниот одбор на општинското основно училиште „Вера Циривири Трена“ Општина Карпош Скопје, донесено на дваесет и осмата седница на Советот на Општина Карпош, одржана на 17 октомври 2019 година.

2. Овој Заклучок влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во „Службен гласник на Општина Карпош“.

**Број: 11-7449/11**
**Датум: 18.10.2019 година**
**Скопје**

**ГРАДОНАЧАЛНИК**
**НА ОПШТИНА КАРПОШ,**
**Стефан Богоев, с.р.**

Врз основа на член 22, став 1, точка 8, член 36 став 1 точка 5 и член 62 од Законот за локалната самоуправа („Службен весник на Република Македонија бр. 5/2002), член 176 став 1 и став 2 од Законот за основното образование („Службен весник на Република Северна Македонија“ бр.161/2019), Советот на Општина Карпош, на дваесет и осмата седница, одржана на 17 октомври 2019 година, донесе

**РЕШЕНИЕ**
**за верификација на мандатот на членовите на училишниот одбор на општинското основно училиште „Вера Циривири Трена“ Општина Карпош Скопје**

1. Со ова Решение Советот на Општина Карпош го верификува мандатот на членовите на училишниот одбор на ООУ Вера Циривири Трена Општина Карпош-Скопје во состав:

ПРЕТСТАВНИЦИ ОД УЧИЛИШТЕТО
- Жанета Павловска именувана со Решение бр. 09-9287/31 со важност на мандат до 26.12.2020
- Велимир Новески именуван со Решение бр.09-9287/31 со важност на мандат до 26.12.2020
- Анка Трајкова именувана со Решение бр.09-9287/31 со важност на мандат до 26.12.2020

ПРЕТСТАВНИЦИ ОД РОДИТЕЛИТЕ
- Наташа Пишинска именувана со Решение бр. 09-9287/31 со важност на мандат 26.12.2020
- Анета Симоновска именувана со Решение бр 09-9287/31 со важност на мандат до 26.12.2020
- Љупчо Анчевски именуван со Решение бр. 09-9287/31 со важност на мандат 26.12.2020

ПРЕТСТАВНИК ОД ОСНОВАЧОТ
- Иван Петровски именуван со Решение бр. 09-5279/36 со важност на мандат до 10.07.2020

2. Се задолжува ООУ „Вера Циривири Трена“ да го известува Советот на Општина Карпош за секоја промена на член на училишниот одбор и да побара верификација на нов мандат по промените.

3. Се задолжува Одделението за образование да достави два оригинални промероци од ова Решение до Општинското основно училиште „Вера Циривири Трена“.

4. Оваа решение влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во „Службен гласник на Општина Карпош“.

**Број: 09-7197/14**
**Датум: 17.10.2019 година**
**Скопје**

**ПРЕТСЕДАТЕЛ**
**НА СОВЕТОТ НА ОПШТИНА КАРПОШ,**
**Андреј Манолев, с.р.**

Врз основа на член 50, став 1, точка 3 од Законот за локалната самоуправа („Службен весник на Република Македонија“ бр.5/2002), а во врска со член 75, став 1 од Статутот на Општина Карпош („Службен гласник на Општина Карпош“ бр.1/2006, 8/2013, 15/2014 и 9/2019), Градоначалникот на Општина Карпош, донесе

**ЗАКЛУЧОК**
**за објавување Решение за верификација на мандатите на членовите на училишниот одбор на општинското основно училиште „Јан Амос Коменски“ Општина Карпош Скопје**

1. Се објавува Решението за верификација на мандатите на членовите на училишниот одбор на општинското основно училиште „Јан Амос Коменски“ Општина Карпош Скопје, донесено на дваесет и осмата седница на Советот на Општина Карпош, одржана на 17 октомври 2019 година.

2. Овој Заклучок влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во „Службен гласник на Општина Карпош“.

**Број: 11-7449/12**
**Датум: 18.10.2019 година**
**Скопје**

**ГРАДОНАЧАЛНИК**
**НА ОПШТИНА КАРПОШ,**
**Стефан Богоев, с.р.**

Врз основа на член 22, став 1, точка 8, член 36 став 1 точка 5 и член 62 од Законот за локалната самоуправа („Службен весник на Република Македонија бр. 5/2002), член 176 став 1 и став 2 од Законот за основното образование („Службен весник на Република Северна Македонија“ бр.161/2019), Советот на Општина Карпош, на дваесет и осмата седница, одржана на 17 октомври 2019 година, донесе

**РЕШЕНИЕ**
**за варификација на мандатите на членовите на училишниот одбор на општинското основно училиште „Јан Амос Коменски“ Општина Карпош Скопје**

1. Со ова Решение Советот на Општина Карпош го верификува мандатот на членовите на училишниот одбор на ООУ Јан Амос Коменски Општина Карпош-Скопје во состав:

ПРЕТСТАВНИЦИ ОД УЧИЛИШТЕТО

- Марија Христовска именувана со Решение бр. 08-417/3 со важност на мандат до 21.11.2020
- Живка Пројчевска именувана со Решение бр.08-305/3 со важност на мандат до 31.08.2021
- Александра Николовска именувана со Решение бр.08-305/3 со важност на мандат до 31.08.2021

ПРЕТСТАВНИЦИ ОД РОДИТЕЛИТЕ

- Роберт Илиевски именуван со Решение бр. 09-222/1 со важност на мандат 19.06.2020
- Славка Петковска именувана со Решение бр. 09-465/1 со важност на мандат до 11.09.2021
- Афродита Шаља Плавјанска именувана со Решение бр. 09-219/1 со важност на мандат до 11.09.2022

ПРЕТСТАВНИК ОД ОСНОВАЧОТ

- Виктор Исијановски именуван со Решение бр. 09-1713/12 со важност на мандат до 28.02.2022

2. Се задолжува ООУ „Јан Амос Коменски“ да го известува Советот на Општина Карпош за секоја промена на член на училишниот одбор и да побара верификација на нов мандат по промените.

3. Се задолжува Одделението за образование да достави два оригинални промероци од ова Решение до Општинското основно училиште „Јан Амос Коменски“.

4. Оваа решение влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во „Службен гласник на Општина Карпош“.

**Број: 09-7197/15**
**Датум: 17.10.2019 година**
**Скопје**

**ПРЕТСЕДАТЕЛ**
**НА СОВЕТОТ НА ОПШТИНА КАРПОШ,**
**Андреј Манолев, с.р.**

Врз основа на член 50, став 1, точка 3 од Законот за локалната самоуправа („Службен весник на Република Македонија“ бр.5/2002), а во врска со член 75, став 1 од Статутот на Општина Карпош („Службен гласник на Општина Карпош“ бр.1/2006, 8/2013, 15/2014 и 9/2019), Градоначалникот на Општина Карпош, донесе

## ЗАКЛУЧОК
**за објавување Решение за верификација на мандатите на членовите на училишниот одбор на општинското основно училиште „Димо Хаџи Димов“ Општина Карпош Скопје**

1. Се објавува Решението за верификација на мандатите на членовите на училишниот одбор на општинското основно училиште „Димо Хаџи Димов“ Општина Карпош Скопје, донесено на дваесет и осмата седница на Советот на Општина Карпош, одржана на 17 октомври 2019 година.

2. Овој Заклучок влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во „Службен гласник на Општина Карпош“.

**Број: 11-7449/13**
**Датум: 18.10.2019 година**
**Скопје**

**ГРАДОНАЧАЛНИК**
**НА ОПШТИНА КАРПОШ,**
**Стефан Богоев, с.р.**

Врз основа на член 22, став 1, точка 8, член 36 став 1 точка 5 и член 62 од Законот за локалната самоуправа („Службен весник на Република Македонија бр. 5/2002), член 176 став 1 и став 2 од Законот за основното образование („Службен весник на Република Северна Македонија“ бр.161/2019), Советот на Општина Карпош, на дваесет и осмата седница, одржана на 17 октомври 2019 година, донесе

**РЕШЕНИЕ**
**за верификување на училишниот одбор на општинското основно училиште „Димо Хаџи Димов“ Општина Карпош Скопје**

1. Со ова Решение Советот на Општина Карпош го верификува мандатот на членовите на училишниот одбор на ООУ Димо Хаџи Димов Општина Карпош-Скопје во состав:

**ПРЕТСТАВНИЦИ ОД УЧИЛИШТЕТО**

- Слаѓана Милановска именувана со Решение бр. 02-260/2 со важност на мандат до 23.09.2022
- Ирена Станкова именувана со Решение бр.02-260/2 со важност на мандат до 23.09.2022
- Соња Јовановска именувана со Решение бр. 02-260/2 со важност на мандат до 23.09.2022

**ПРЕТСТАВНИЦИ ОД РОДИТЕЛИТЕ**

- Горан Павловски именуван со Решение бр. 02-351/2 со важност на мандат 02.10.2020
- Марија Николовска именувана со Решение бр. 02-351/2 со важност на мандат до 02.10.2020
- Викторија Доказа именувана со Решение бр. 02-351/2 со важност на мандат до 02.10.2020

**ПРЕТСТАВНИК ОД ОСНОВАЧОТ**

- Слаѓана Салтирова именувана со Решение бр. 09-4911/15 со важност на мандат до 27.06.2020

2. Се задолжува ООУ „Димо Хаџи Димов“ да го известува Советот на општина Карпош за секоја промена на член на училишниот одбор и да побара верификација на нов мандат по промените.

3. Се задолжува Одделението за образование да го достави два оригинални промероци од ова Решение до Општинското основно училиште „Димо Хаџи Димов“.

4. Оваа решение влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во „Службен гласник на Општина Карпош“.

**Број: 09-7197/16**
**Датум: 17.10.2019 година**
**Скопје**

**ПРЕТСЕДАТЕЛ**
**НА СОВЕТОТ НА ОПШТИНА КАРПОШ,**
**Андреј Манолев, с.р.**

Врз основа на член 50, став 1, точка 3 од Законот за локалната самоуправа („Службен весник на Република Македонија“ бр.5/2002), а во врска со член 75, став 1 од Статутот на Општина Карпош („Службен гласник на Општина Карпош“ бр.1/2006, 8/2013, 15/2014 и 9/2019), Градоначалникот на Општина Карпош, донесе

**ЗАКЛУЧОК**
**за објавување Решение за верификација на мандатот на членовите на училишниот одбор на општинското основно училиште „Војдан Чернодрински“ Општина Карпош Скопје**

1. Се објавува Решението за верификација на мандатот на членовите на училишниот одбор на општинското основно училиште „Војдан Чернодрински“ Општина Карпош Скопје, донесено на дваесет и осмата седница на Советот на Општина Карпош, одржана на 17 октомври 2019 година.

2. Овој Заклучок влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во „Службен гласник на Општина Карпош“.

**Број: 11-7449/14**
**Датум: 18.10.2019 година**
**Скопје**

**ГРАДОНАЧАЛНИК**
**НА ОПШТИНА КАРПОШ,**
**Стефан Богоев, с.р.**

Врз основа на член 22, став 1, точка 8, член 36 став 1 точка 5 и член 62 од Законот за локалната самоуправа („Службен весник на Република Македонија бр. 5/2002), член 176 став 1 и став 2 од Законот за основното образование („Службен весник на Република Северна Македонија“ бр.161/2019), Советот на Општина Карпош, на дваесет и осмата седница, одржана на 17 октомври 2019 година, донесе

**РЕШЕНИЕ**
**за варификација на мандатот на членовите на училишниот одбор на општинското основно училиште „Војдан Чернодрински“ Општина Карпош Скопје**

1. Со ова Решение Советот на Општина Карпош го верификува училишниот одбор на ООУ Војдан Чернодрински Општина Карпош-Скопје во состав:

ПРЕТСТАВНИЦИ ОД УЧИЛИШТЕТО
- Зорица Јаневска именувана со Решение бр. 02-268/2 со важност на мандат до 16.08.2022
- Росе Донева Ристујчин именувана со Решение бр.02-268/2 со важност на мандат до 16.08.2022
- Александра Антевска именувана со Решение бр.02-268/2 со важност на мандат до 16.08.2022

ПРЕТСТАВНИЦИ ОД РОДИТЕЛИТЕ
- Зоран Киткањ именуван со Решение бр. 02-333/2 со важност на мандат 06.09.2022
- Софија Цветаноска именувана со Решение бр. 02- 223/2 со важност на мандат до 06.09.2022
- Тамара Зечевиќ именувана со Решение бр. 02-233/2 со важност на мандат до 06.09.2022

ПРЕТСТАВНИК ОД ОСНОВАЧОТ
- Лефка Пејоска именувана со Решение бр. 09-3199/33 со важност на мандат до 23.04.2021

2. Се задолжува ООУ „Војдан Чернодрински“ да го известува Советот на Општина Карпош за секоја промена на член на училишниот одбор и да побара верификација на нов мандат по промените.

3. Се задолжува Одделението за образование да достави два оригинални промероци од ова Решение до Општинското основно училиште „Војдан Чернодрински“.

4. Оваа решение влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во „Службен гласник на Општина Карпош“.

**Број: 09-7197/17**
**Датум: 17.10.2019 година**
**Скопје**

**ПРЕТСЕДАТЕЛ**
**НА СОВЕТОТ НА ОПШТИНА КАРПОШ,**
**Андреј Манолев, с.р.**

Врз основа на член 50, став 1, точка 3 од Законот за локалната самоуправа („Службен весник на Република Македонија“ бр.5/2002), а во врска со член 75, став 1 од Статутот на Општина Карпош („Службен гласник на Општина Карпош“ бр.1/2006, 8/2013, 15/2014 и 9/2019), Градоначалникот на Општина Карпош, донесе

**ЗАКЛУЧОК**
**за објавување Решение за изменување и дополнување на Решението за разрешување на училишниот одбор на општинското основно училиште „Братство“ Општина Карпош Скопје, бр.09-6709/44 од 25.09.2019**

1. Се објавува Решението за изменување и дополнување на Решението за разрешување на училишниот одбор на општинското основно училиште „Братство“ Општина Карпош Скопје, бр.09-6709/44 од 25.09.2019, донесено на дваесет и осмата седница на Советот на Општина Карпош, одржана на 17 октомври 2019 година.

2. Овој Заклучок влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во „Службен гласник на Општина Карпош“.

**Број: 11-7449/15**
**Датум: 18.10.2019 година**
**Скопје**

**ГРАДОНАЧАЛНИК**
**НА ОПШТИНА КАРПОШ,**
**Стефан Богоев, с.р.**

Врз основа на член 22 став 1 точка 8; член 36, став 1, точка 5 и член 62 од Законот за локалната самоуправа („Службен весник на Република Македонија бр. 5/2002), член 106, став 2 од Законот за основното образование („Службен весник на Република Северна Македонија“ бр.161/2019), Решението за разрешување на училишниот одбор на општинското основно училиште „Братство“ Општина Карпош Скопје, бр.09-6709/44 од 25.09.2019 („Службен гласник на Општина Карпош“ бр.16/2019), а во врска со Ивестување за постапување Ип1бр.09-1982/1 од 04.09.2019 година донесено од Државен просветен инспекторат и известувањето за корекција на грешка од основното општинско училиште Братство бр. 53-4979/11 од 03.10.2019, Советот на Општина Карпош, на дваесет и осмата седница, одржана на 17 октомври 2019 година, донесе

**РЕШЕНИЕ**
**за изменување и дополнување на Решението за разрешување на училишниот одбор на општинското основно училиште „Братство“ Општина Карпош Скопје, бр.09-6709/44 од 25.09.2019**

1.Со ова Решение се врши изменување и дополнување на Решението за разрешување на училишниот одбор на општинското основно училиште „Братство“ Општина Карпош Скопје, бр.09-6709/44 од 25.09.2019 (Службен гласник на Општина Карпош бр.16 од 2019 година), на начин што во точка 1 став 1 оддел 2 “**ПРЕТСТАВНИЦИ ОД РОДИТЕЛИТЕ** “, алинеа 3 се брише името на Зенун Фејзулаху и на негово место се запишува Зејнула Рушитов .
По изменувањето и дополнувањето, точка 1 од Решението гласи:

„1. Врз основа на укажувањето во Ивестувањето за постапување Ип1бр.09-1982/1 од 04.09.2019 година донесено од Државен просветен инспекторат се разрешуват сите членови на училишниот одбор на општинското основно училиште „Братство", Општина Карпош Скопје и тоа:

ПРЕТСТАВНИЦИ ОД УЧИЛИШТЕТО
- Селим Амети именуван со Решение бр.02-286/3 од 20.03.2018
- Дрита Зекири именуван со Решение бр.02-973/3 од 19.12.2018
- Сизан Спахиу именуван со Решение бр.02-973/3 од 19.12.2018

ПРЕТСТАВНИЦИ ОД РОДИТЕЛИТЕ
- Александар Масевски именуван со Решение бр.02-686 од 28.09.2018

- Славица Маневска именуван со Решение бр.02-1066 од 18.10.2016
- Зејнула Рушитов именуван со Решение бр.02-860 од 21.11.2018

ПРЕТСТАВНИК ОД ОСНОВАЧОТ

- Александар Рајковски именуван со Решение бр.09-4263/5 од 22.05.2018 година

2. Се задолжува Одделението за образование да го достави ова Решение до:
- Државен просветен инспекторат
- Општинското основно училиште „Братство“
- разрешените членови поименично наведени во точка 1 од ова решение.

3. Оваа решение влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во „Службен гласник на Општина Карпош“.

**Број: 09-7197/18**
**Датум: 17.10.2019 година**
**Скопје**

**ПРЕТСЕДАТЕЛ**
**НА СОВЕТОТ НА ОПШТИНА КАРПОШ,**
**Андреј Манолев, с.р.**

Врз основа на член 50, став 1, точка 3 од Законот за локалната самоуправа („Службен весник на Република Македонија“ бр.5/2002), а во врска со член 75, став 1 од Статутот на Општина Карпош („Службен гласник на Општина Карпош“ бр.1/2006, 8/2013, 15/2014 и 9/2019), Градоначалникот на Општина Карпош, донесе

**ЗАКЛУЧОК**
**за објавување Одлука за објавување на оглас за реализација на проекти од областа на еднакви можности на жените и мажите за 2019 година**

1.Се објавува Одлуката за објавување на оглас за реализација на проекти од областа на еднакви можности на жените и мажите за 2019 година, донесена на дваесет и осмата седница на Советот на Општина Карпош, одржана на 17 октомври 2019 година.

2. Овој Заклучок влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во „Службен гласник на Општина Карпош“.

**Број: 11-7449/16**
**Датум: 18.10.2019 година**
**Скопје**

**ГРАДОНАЧАЛНИК**
**НА ОПШТИНА КАРПОШ,**
**Стефан Богоев, с.р.**

Врз основа на член 22, став 1, точка 13; член 36, став 1, точка 1 и член 62 од Законот за локалната самоуправа („Службен весник на Република Македонија“ бр.5/2002) и Програмата за активностите на Општина Карпош во областа на еднаквите можности меѓу жените и мажите во Општина Карпош за 2019 година („Службен гласник на Општина Карпош“бр.13/2018), Советот на Општина Карпош, на дваесет и осмата седница, одржана на 17 октомври 2019 година, донесе

**О Д Л У К А**
**за објавување на оглас за реализација на проекти од областа на еднакви можности на жените и мажите за 2019 година**

**Член 1**

Со оваа одлука Советот на Општина Карпош дава согласност за започнување постапка за објавување на оглас за реализација на проекти од областа на еднакви можности на жените и мажите, против насилството врз жените, мажите и децата и нивното здравје и превенирање на врсничкото насилство во основните училишта на територијата на Општина Карпош за 2019 година

**Член 2**

Финансиската поддршка од член 1 на оваа одлука ќе се додели врз основа на постапка по објавен оглас за доделување финансиска поддршка на физички лица, правни лица, здруженија на граѓани и фондации кои се занимаваат со предметната дејност и/или се регистрирани за дејноста еднакви можности меѓу жените и мажите, и ќе биде наменета за реализација на проекти од областа на еднакви можности на жените и мажите, против насилството врз жените, мажите и децата и нивното здравје и превенирање на врсничкото насилство во основните училишта на територијата на Општина Карпош за 2019 година

Огласот ќе биде објавен во два дневни весника, од кои, во еден од весниците што се издаваат на македонски јазик и во еден од весниците што се издаваат на јазикот што го зборуваат најмалку 20% од граѓаните кои зборуваат службен јазик различен од македонскиот.

**Член 3**

Постапката за доделување на финансиски средства за проекти кои ќе се однесуваат на подигање на свеста за постоење на насилство помеѓу учениците од основните училишта, постоење

на разлики во можностите помеѓу двата пола, изедначување на можностите кај учениците од основните училишта со акцент на нивното здравје, раст и развој на подрачјето на Општина Карпош за 2019 година ќе ја спроведе Комисија формирана од Градоначалникот на Општина Карпош.

Комисијата ќе биде составена од пет члена, од кои: тројца од Комисијата за еднакви можности на жените и мажите при Советот на Општина Карпош, Координаторот за еднакви можности на жените и мажите при Општина Карпош, еден член од Комисијата за еднакви можности на жените и мажите и двајца преставника/члена од општинската администрација.

**Член 4**

За членови од Советот на Општина Карпош во Комисијата се именуваат:
1. Билјана Костова - Претседателката на Комисијата за еднакви можности на жените и мажите,
2. Виолета Цветковска - Координаторот за еднакви можности на жените и мажите при Општина Карпош,
3. Емилија Ризеска Спасова - член од Комисијата за еднакви можности на жените и мажите

**Член 5**

На јавниот оглас можат да учествуваат физички лица, правни лица, здруженија на граѓани и фондации кои се занимаваат со предметната дејност и/или се регистрирани за дејноста еднакви можности меѓу жените и мажите, со проекти од областа на еднакви можности, а кои ќе се однесуваат на подигање на свеста за постоење на насилство помеѓу учениците од основните училишта, постоење на разлики во можностите помеѓу двата пола, изедначување на можностите кај учениците од основните училишта со акцент на нивното здравје, раст и развој.

Заинтересираните физички и правни лица, како и НВО секторот, наведени во член 5, став 1 од оваа одлука, потребно е да ги достават следните документи:

- Предлог проект за соодветна област
- Статут и решение за регистрација на правните лица, здруженија и фондации
- Авторски проект (за физички лица) кој е потребно да содржи елаборат или заверен проект од овластено правно лице
- Извештај за работата за предходната година
- Референтна листа за изработени проекти (искуство со проекти во локалната самоуправа ќе се смета за предност)

**Член 6**

За остварување и реализација на понудените проекти во висина до 30.000,00 денари Градоначалникот на Општина Карпош формира Комисија за еднократна помош. Оваа еднократна финансиска поддршка ќе се доделува еднаш во годината и ќе ја определнува Комисија составена од пет члена (три члена од општинската администрација и два члена од членовите на Советот).

**Член 7**

За проекти чиј што износ е повисок од 30.000,00 денари ќе биде распишан оглас кој ќе се спроведе врз основа на предходно утврдени критериуми. Проектите на заинтересираните преку архивата на Општина Карпош се доставуваат до Координаторот за еднакви можности на жените и мажите, а по истите одлучуваат тројца претставници од Комисијата за еднакви можности, Координаторот за еднакви можности и двајца претставници од општинската админитрација.

Одобрените проекти се доставуваат до Градоначалникот на Општина Карпош и до Советот на Општина Карпош на разгледување и усвојување.

**Член 8**

Огласот ќе биде отворен преку цела година до 31.12.2019 година или до исцрпување на предвидените средства.

**Член 9**

По завршената постапка, Градоначалникот на Општина Карпош ќе донесе поединечни решенија за исплата.

**Член 10**

Оваа одлука влегува во сила со денот на објавувањето во „Службен гласник на Општина Карпош“.

**Број: 09-7197/19**
**Датум: 17.10.2019 година**
**Скопје**

**ПРЕТСЕДАТЕЛ**
**НА СОВЕТОТ НА ОПШТИНА КАРПОШ,**
**Андреј Манолев, с.р.**

Врз основа на член 32 став 1, точка 2 од Законот за локална самоуправа („Службен весник на Република Македонија“бр. 5/2002), а во врска со член 33 од Законот за Буџети („Службен весник на Република Македонија“бр.64/2005; 4/2008; 103/08; 156/09; 95/10; 180/11; 171/12; 192/15 и 167/16), Советот на Општина Карпош на дваесет и осмата седница, одржана на ден 17 октомври 2019 година донесе

**ОДЛУКА**
**за проширување на средствата на Буџетот на Општина Карпош**
**за 2019 година**

**Член 1**

Со оваа Одлука се врши проширување на средствата на Буџетот на општина Карпош за 2019 година на следниов начин:

Се зголемуваат приходите на следниве потставки

| Потпрограма<br>Потставка | САМОФИН. | ДОТАЦИИ | ДОНАЦИИ | КРЕДИТИ |
|---|---|---|---|---|
| **А00 СОВЕТ НА ОПШТИНА** | | | | |
| 741111 Тековни трансфери од други ниво на власт | 0 | 0 | 3.140.000 | 0 |

и се распоредуваат на следните расходни потставки

| Потпрограма<br>Потставка | САМОФИН. | ДОТАЦИИ | ДОНАЦИИ | КРЕДИТИ |
|---|---|---|---|---|
| **Н10 ОСНОВНО ОБРАЗОВАНИЕ** | | | | |
| 401130 Основни плати други вработени | 0 | 0 | 1.200.000 | 0 |
| 401310 Персонален данок | 0 | 0 | 150.000 | 0 |
| 402110 Основни придонеси за ПИО | 0 | 0 | 220.000 | 0 |
| 425990 Други договорни услуги | 0 | 0 | 1.570.000 | 0 |
| Вкупно | 0 | 0 | 3.140.000 | 0 |

**Член 2**

Одлуката влегува во сила од денот на објавувањето во Службен гласник на општина Карпош и станува составен дел на Буџетот на општината за 2019 година.

Бр. 09-7197/20
17.10.2019
Скопје

Претседател на Советот на
општина Карпош
Андреј Манолев, с.р.

**О б р а з л о ж е н и е**

Во Предлог – Одлуката за проширување на средствата на Буџетот на Општина Карпош за 2019 година се предлага да се извршат проширување и во приходниот и во расходниот дел на Буџетот.

Проширувањето се врши во колоната на донации во програмата Н1О - Основно образование поради тоа што средствата за нето плата и придонси што се исплаќаа на асистентите за децата со посебни потреби во основните училишта се вршеа од сметка што е преодна при Министерство за финансии на Р.С.Македонија кои средства не требаа да бидат предвидени во Буџетот на општината.

Но, добивме известување од Министерство за финанасии на Р.С.Македонија дека треба да се отвори нова донаторска сметка која што истата треба да биде планирана во Буџетот на општината односно да се предвидат приходите и расходите, за да може да се изврши исплата на нивните нето плати и придонеси.

Врз основа на изнесеното предлагам Советот на Општината да ја разгледа и да ја донесе – Одлуката за проширување на средствата на Буџетот на Општина Карпош за 2019 година.

ГРАДОНАЧАЛНИКОТ
НА ОПШТИНАТА КАРПОШ

Врз основа на член 50, став 1, точка 3 од Законот за локалната самоуправа („Службен весник на Република Македонија“ бр.5/2002), а во врска со член 75, став 1 од Статутот на Општина Карпош („Службен гласник на Општина Карпош“ бр.1/2006, 8/2013, 15/2014 и 9/2019), Градоначалникот на Општина Карпош, донесе

**ЗАКЛУЧОК**
**за објавување Службена белешка по усвоена Одлука за одобрување финансиска поддршка на Кошаркарски клуб СПАРТ бр.09-7197/9 од 17.10.2019 година**

1. Се објавува Службена белешка по усвоена Одлука за одобрување финансиска поддршка на Кошаркарски клуб СПАРТА бр.09-7197/9 од 17.10.2019 година, донесена на дваесет и осмата седница на Советот на Општина Карпош, одржана на 17 октомври 2019 година.

2. Овој Заклучок влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во „Службен гласник на Општина Карпош“.

**Број: 11-7449/18**
**Датум: 18.10.2019 година**
**Скопје**

**ГРАДОНАЧАЛНИК**
**НА ОПШТИНА КАРПОШ,**
**Стефан Богоев, с.р.**

Врз основа на член 50, став 1, точка 3, точка 4 и точка 15 и член 62 од Законот за локалната самоуправа („Службен весник на Република Македонија бр. 5/2002), а во врска со Одлуката за одобрување финансиска поддршка на Кошаркарски клиб СПАРТА бр.09-7197/9 донесена на дваесет и осмата седница на Советот на Општина карпош, одржана на 17 ктомври 2019 година, Градоначалникот на Општина Карпош на ден 18 октомври 2019 донесе

**СЛУЖБЕНА БЕЛЕШКА**
**по усвоената Одлука за одобрување финансиска поддршка на Кошаркарски клуб СПАРТА бр.09-7197/9 од 17.10.2019 година**

1.Со оваа Службена белешка се констатира дека Одлуката за одобрување финансиска поддршка на Кошаркарски клиб СПАРТА бр.09-7197/9 од 17.10.2019 **е усвоена со грешка во финансискиот износ од 300.000,00 (тристотини иљјади) денари.**

2. Врз основа на позитивните законски прописи, на наредната дваесет и деветa седница на Советот на Општина Карпош ќе биде предложена Одлука за изменување и дополнување на Одлуката за одобрување финансиска поддршка на Кошаркарски клуб СПАРТА, со која ќе биде корегиран усвоениот погрешен износ наведен во точка 1 од оваа Службена белешка.

3. Се задолжува Одделението за поддршка и организација на работтата на Советот на изготви Предлог-Одлука за изменување и дополнување на Одлуката за одобрување финансиска поддршка на Кошаркарски клуб СПАРТА бр.09-7197/9 ОД 17.10.2019 година.

4. Оваа белешка влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во „Службен гласник на Општина Карпош“.

Број: 09-7197/21
Датум: 18.10.2019 година
Скопје

ГРАДОНАЧАЛНИК
НА ОПШТИНА КАРПОШ,
Стефан Богоев, с.р.

С О Д Р Ж И Н А


1. Програма за изменување и дополнување на Програмата за активностите на Општина Карпош во областа на спортот за 2019 година, со Заклучок за објавување;
2. Програма за изменување и дополнување на Програмата за активностите на Општина Карпош во областа на детска, социјална и здравствена заштита за 2019 година, со Заклучок за објавување;
3. Програма за активностите на Општина Карпош во областа на еднаквите можности меѓу жените и мажите во Општина Карпош за 2019 година, со Заклучок за објавување;
4. Одлука за давање согласност за промена на корисникот на електричните броила во општинските основни училишта на територијата на Општина Карпош, со Заклучок за објавување;
5. Одлука за утврдување на вклопување на бесправни објекти во урбанистичко-планска документација заради вклопување на бесправните објекти во идна планска документација (КП бр. 646/63 КО Долно Водно), со Заклучок за објавување;
6. Одлука за одобрување финансиска поддршка на Кошаркарски клуб СПАРТА, со Заклучок за објавување;
7. Одлука за одобрување финансиска поддршка на шаховски клуб ГАМБИТ АСЕКО СЕЕ, со Заклучок за објавување;
8. Одлука за одобрување финансиска поддршка на полициски клуб за боречки спортови 7-ми Мај ТИГАР, со Заклучок за објавување;
9. Одлука за одобрување финансиска поддршка за реализација на проектот Меѓународен пливачки натпревар 13-ти Ноември, со Заклучок за објавување;

10. Одлука за давање согласност за распишување јавен повик за проекти од надлежноста на Општина Карпош, како основа за изработка на годишните програми за работа на секторите во Општина Карпош и изработка на Буџетот на Општина Карпош за 2020 година, со Заклучок за објавување;
11. Решение за верификација на мандатите на членовите на училишниот одбор на општинското основно училиште „Вера Циривири Трена“ Општина Карпош Скопје, со Заклучок за објавување;
12. Решение за верификација на мандатите на членовите на училишниот одбор на општинското основно училиште „Јан Амос Коменски“ Општина Карпош Скопје, со Заклучок за објавување;
13. Решение за верификација на мандатите на членовите на училишниот одбор на општинското основно училиште „Димо Хаџи Димов“ Општина Карпош Скопје, со Заклучок за објавување;
14. Решение за верификација на мандатите на членовите на училишниот одбор на општинското основно училиште „Којдан Чернодрински“ Општина Карпош Скопје, со Заклучок за објавување;
15. Решение за изменување и дополнување на Решението за разрешување на Училишниот одбор на Општинското основно училиште „Братство“ Општина Карпош Скопје, бр.09-6709/44 од 25.09.2019 година, со Заклучок за објавување;
16. Одлука за објавување на оглас за реализација на проекти од областа на еднакви можности на жените и мажите за 2019 година, со Заклучок за објавување;
17. Одлука за проширување на средствата на Буџетот на Општина Карпош за 2019 година, со Заклучок за објавување; и
18. Службена белешка по усвоена Одлука за одобрување финансиска поддршка на Кошаркарски клуб СПАРТА бр.09-7197/9 од 17.10.2019 година, со Заклучок за објавување.

**Издавач: Општина Карпош**
**Уредува: Сектор за правни работи**
**Адреса: ул.Радика бр.9, бараки бр.1 и бр.2**
**Тираж: 25 примероци**